Организација на жените на општина
Свети Николе
Бр. 01-06/24
19/08 2015 год.
Свети Николе

Организација на жените на општина Свети Николе

# Пречистен текст на

# *СТАТУТ*

# *на*

# *ЗДРУЖЕНИЕ „ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ“*

Свети Николе, јули 2015 г.

**СОДРЖИНА:**


| | | |
|---|---|---|
| I. | ОПШТИ ОДРЕДБИ | 3 |
| II. | ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ | 5 |
| III. | ЧЛЕНУВАЊЕ | 7 |
| IV. | ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА | 9 |
| V. | ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО | 10 |
| VI. | ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО | 11 |
| VII. | ДЕЛОВНО ПЛАНИРАЊЕ | 18 |
| VIII. | ЗАШТИТА НА ИНТЕРЕСИТЕ | 20 |
| IX. | СТАТУТ И АКТИ | 21 |
| X. | ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ | 22 |

Врз основа на член 104 од Законот за здруженија и фондации 2010 („Сл.весник на РМ" бр.52/2010) и Одлука на Собранието на Здружението **„Организација на жените на општина Свети Николе"** на седницата одржана на ден 29 јули 2015 година, изврши усогласувања, измени и надополнувања на Статутот на Здружението „Организација на жените на општина Свети Николе" и го донесе следниов пречистен текст на:

# СТАТУТ

# на

# Здружение „Организација на жените на општина Свети Николе"

# од Свети Николе

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

*Член 1*

**Здружението „Организација на жените на општина Свети Николе"** од Свети Николе е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, како и заради вршење на дејности и активности за поттикнување на моралните вредности, зајакнување на меѓуетничките односи и економски развој на територијата на Р.Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот на Р.Македонија и Законот за здруженија и фондации.

*Член 2*

Основачи на Здружението „Организација на жените на општина Свети Николе" од Свети Николе се:

Soglasno odredbite
od Zakonot za zastita na licni
podatoci ovoj del NE e dostapen
za javnosta
vo postoeckata forma

Soglasno odredbite od Zakonot za zastita na licni podatoci ovoj del NE e dostapen za javnosta vo postoeckata forma

[redacted]

*Член 3*

Здружението „Организација на жените на општина Свети Николе“ од Свети Николе, дејствува на територијата на РМ, а се организира за подрачјето на општина Свети Николе, на територијата на РМ и останатите земји. Здружението може да соработува со организации, здруженија, фондации и институции и да членува во асоцијации во земјата и странство согласно Уставот и Законот на РМ и овој Статут.

*Член 4*

Здружението „Организација на жените на општина Свети Николе“како Здружение своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот на Република Македонија, со овој Статут и Законите на Р Македонија.

*Член 5*

Називот на здружението на граѓани е:

**Здружение „Организација на жените на општина Свети Николе“**

Името на англиски јазик е:

**Organization of Women of Municipality of Sveti Nikole**

Скратениот назив на Здружението на македонски јазик е:

**ОЖОСВН**

Скратениот назив на Здружението на англиски јазик е:

**WOMSv.N**

*Член 6*

**Седиштето** на здружението е во општина Свети Николе, а се организира и делува на подрачјето на општина Свети Николе, на територијата на Република Македонија и останатите земји.

Одлука за седиштето на **ОЖОСВН** донесува Управниот Одбор и истото се запишува во Централен регистар.

*Член 7*

**Здружението** „Организација на жените на општина Свети Николе“ од Свети Николе има својство на правно лице со права, обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и законските прописи.

Здружението „Организација на жените на општина Свети Николе“ е основана врз основа на член 13 од Законот за општествени организации и здруженија на граѓаните, Сл. Весник

на СРМ бр. 13/90, со одлука на основачкото собрание одржано на 09/11/1990 година; регистрирана е според законот кој ја уредува работата на здруженијата на граѓани и општествени организации, во Министерство за внатрешни работи, со решение број уп бр. 17-202 од 15/12/1990 година, под реден број 79; трансформирана е со одлука на Собранието од **Здружението** 1998 година и запишана во Регистарот на Здруженија на граѓани и фондации во Основен суд Свети Николе, под регистарскиот број 18/98, со решение бр. 18 од 28/12/1998 година. Измени и дополнувања на Статутот на Здружението се запишани во Основен суд Свети Николе во регистар на здруженија на граѓани и фондации под реден бр.8 за 2004 година, решение бр. ЗГФ бр. 8/04 донесено на 02/11/2004 година. Здружението е пререгистрирано според новиот Закон за здруженија и фондации на Р.Македонија („Сл.весник на РМ" бр.52/2010), со одлука на Собрание на здружението оддржано на 13/04/2011, заведено во Централен регистар на Р.Македонија под деловоден бр. 30720110003290 од 27/04/2011година.

Матичниот број на **ОЖОСВН** е 4233859.

Здружението „Организација на жените на општина Свети Николе" го претставува и застапува Претседател/ка.

Здружението има свое лого односно знак, печат и штембил.

Логото/знакот на **Здружението** е со кружна форма во која има профил на жена, а од надворешната страна на кругот стои името на македонски и/или англиски јазик.

**Печатот** е со кружна форма и го содржи знакот и името на здружението на македонски јазик со кирилично писмо: Организација на жените на општина Свети Николе, а на средината стои логото на Здружението.

**Штембилот** на Здружението е правоаголен со следниот текст: Организација на жените на општина Свети Николе на македонски јазик со кирилично писмо, простор за број, датум и место.

## II.ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

### Член 8

Граѓаните се здружени во Здружението заради остварување на поширок заеднички интерес.

Граѓаните се здружуваат во Здружението заради остварување на целите зацртани во Статутот, Стратешките развојни планови и Годишните програмите за работа, а според соодветните Програми на делување, односно: Програма за човекови права, Здравствена програма и Програма за деца и млади.

Визијата, долгорочните цели, мисијата, начелата и дејностите на Здружението се утврдуваат со соодветни документи за генерална политика и стратегија.

**Визија на ОЖОСВН:** Организација на жените на општина Свети Николе е лидер во женското движење и располага со човечки и технички капацитети кои можат да влијаат на подобрување на општата состојба на граѓаните во општината и во републиката.

**Мисија на ОЖОСВН:** Организација на жените на општина Свети Николе работи на подобрување на условите за соодветна здравствена заштита на жените, децата и младите, активно вклучување на децата и младите во општествените текови на живеење, како и почитување и заштита на човековите права.

**Основни задачи на Здружението се:**

- Остварување на уставно утврдените слободи и права на граѓаните во општината, државата и останатите земји;
- Создавање на поволни услови за остварување на организиран пристап за постојана активност на граѓаните во Општината, Републиката и останатите земји;
- Следење, проучување и иницирање на прашања поврзани со подобрувањето и унапредувањето на општествено-економската и социјалната положба на жената, децата, младите и старите лица;
- Работа со деца и млади и нивно интегрирање во општеството;
- Обезбедување на соодветна застапеност на жената во сите сфери на јавниот живот во општината и државата;
- Почитување на личноста, достоинството на жената, нејзиниот интегритет и целосна рамноправност на половите;
- Ослободување од традиционалните сфаќања од било каков тип на потчинетост на жената;
- Посебна заштита на жената утврдена со Уставот, Законите и Меѓународните правни документи, потпишани согласно Уставот на РМ;
- Решавање на актуелни проблеми, сврзани со положбата на жените во сите области на општествено-економскиот живот;
- Отстранување на сите облици на насилство над жената во согласност со документите за човекови права и слободи;
- Создавање на услови за стручно оспособување и работно ангажирање на жената во стопанството и другите дејности;
- Економско јакнење на младите и жените од општината и пошироко;
- Негување и афирмирање на културата на живеење на жената, децата, младите и семејството;
- Организирано дејствување во унапредување на заштита на семејството;
- Социјална и здравствена заштита на жената со посебен акцент на биолошката репродукција;
- Создавање на услови за спроведување на активна популациона политика со почитување на правото за слободно одлучување за раѓање на децата;
- Поддржување, поттикнување и вклучување во хуманитарни, мировни, еколошки и други видови граѓански иницијативи;
- Иницирање и остварување на меѓуопштинска, регионална и меѓународна соработка.

Член 9

Здружението со посебна одлука може да формира акционерско друштво, друштво со ограничена одговорност и друг облик, согласно Законот за трговски друштва на РМ. Здружението работи врз основа на план и програма за работа.

**Член 10**

Своите цели и задачи здружението ги остварува преку утврдена Програма за работа односно преку следниве активности:

- организирање на конкретни програмски активности;
- спроведување на заеднички проекти;
- организирање на конференции, семинари, обуки, работилници и друг вид на активности;
- поттикнување на иницијативи кај надлежните органи и институции во насока на остварување на целите на Здружението;
- врши и други работи предвидени со овој Статут;

***Член 11***

Целна група на Здружението се граѓаните (луѓето), без разлика на нивната припадност и определеност.

Здружението посебно ќе се насочи кон жените, децата, младите, маргинализираните групи и групите во понеповолна општествена положба.

**Член 12**

Начелата на кои се заснова работата на Здружението се партиципација (учество), транспарентност и одговорност, партнерство, толеранција, претприемништво, одржливост и еднакви можности.

***Член 13***

Периодот на дејствување на Здружението е на неопределено време

**III.ЧЛЕНУВАЊЕ**

***Член 14***

**Член на** Здружението „Организација на жените на општина Свети Николе“ може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин на Република Македонија и/или странски државјанин без оглед на нивниот пол и род, возраст, етничка припадност, нивната раса, сексуална ориентација, брачен статус, политички, религиозни и други уверувања или здравствена состојба, кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање на писмена изјава.

Горенаведените принципи Здружението ќе ги применува и при вработување на персонал, обезбедување услуги и др., односно при сите аспекти на својата работа.

Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во здружението со давање на потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник во согласност со Законот.

**Зачленувањето** во Здружението се врши со потполнување и доставување на писмена изјава – пристапница.

Здружението "Организација на жените на општина Свети Николе" од Свети Николе за своите членови води регистар на членство кој се ажурира еднаш годишно. Податоците од

регистарот се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

*Член 15*

Членот има право да бира и да биде биран во органите на здружението, да учествува во работата на Здружението, да придонесува во развојот, промовирање и популарноста на Здружението, доброволно да се откаже од членувањето, да ги изнесува своите ставови по поставените прашања.

Правото да бидат избрани е ограничено само за малолетни членови.

*Член 16*

**Членовите на Здружението се должни:**

- во спроведувањето на Програмата за работа на Здружението;
- да го почитуваат Статутот,
- да присуствуваат на состаноците, да доставуваат податоци и извештаи за работата на Здружението во остварувањето на целите на Здружението
- да земаат активно учество во спроведувањето на Програмата на активностите на Здружението,
- да ги извршуваат активностите предвидени со Програмата за работа.
- да плаќаат членарина во согласност со Одлука на Управен одбор.

*Член 17*

Членовите го задржуваат својот статус се додека не се повлечат, не починат или се додека не се суспендирани или исклучени од Здружението.

**Членството во Здружението може да престане:**

- по барање на членот на Здружението,
- ако не го почитува Статутот и обврските кои произлегуваат од него,
- ако дејствува против целите на Здружението,
- ако не ја плаќа редовно членарината,
- создава конфликтни ситуации со останатите членови на организацијата со што ја нарушува тековната работа на Здружението;
- други причини што го загрозуваат дејствувањето на Здружението.

Одлука за престанок на членството во Здружението донесува Управниот Одбор на Здружението.

Членот се повлекува од **Здружението** со писмена изјава и предавање на сите материјали, нагледни средства кои ги има користено/задолжено за време на своите активности.

Управниот одбор донесува одлуки за суспензија на членството со мнозинство гласови од присутните членови. Суспендираниот член времено го губи правото на глас, не смее да учествува во активностите и ниту на кој било начин да го претставува Здружението.

Укинувањето на суспензијата се спроведува со одлука на мнозинството на Собранието по отворена дискусија за надминатите причини за суспензија.

Управниот одбор предлага укинување на членството.

Членот кој е предложен да биде исклучен пред изјаснувањето и гласањето на Собрание, има право да се обрати.

Собранието донесува одлука за исклучување на членот со 51% гласови при постигнат кворум од членовите со право на глас. Губењето на членството значи дека лицето не може повторно да стане член на Здружението.

*Член 18*

Следните членови без разлика на која категорија припаѓаат немаат право на глас и немаат право да бидат избирани во ниедно тело:

- вработени во Здружението;
- хонорарно ангажирани лица во Здружението на подолг временски период, а според Одлука на Управен одбор и/или Собрание;
- членовите што не платиле редовна членарина.

Следните членови нема да можат да гласаат при донесување на одлуки поврзани со обезбедување на материјали или услуги:

- сите членови кои имаат конфликт на интереси при донесување на одлуката.

*Член 19*

Изјава за конфликт на интереси потпишуваат сите активни членови на здружението, претседател, вработените и членовите на структурите на Здружението. Изјавата се обновува еднаш годишно.

При тоа ниеден член не смее да стекнува директна или индиректна финансиска или материјална добивка преку користење на својата позиција. Ова се однесува на секаква продажба, дистрибуција, промоција на материјали или сервисни услуги. Членот не смее да прима подароци или материјални добра од давател на услуги или набавувач на материјали. Уште повеќе не смее да учествува во донесувањето на одлука за вработување на брачен другар или роднини (дедо, баба, родители, брат или сестра, син или ќерка, внук или внука или роднини на брачниот сопружник).

## IV.ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

*Член 20*

**Јавноста во работата**

Работата на Организација на жените на општина Свети Николе од Свети Николе е јавна. Управниот одбор и Извршната канцеларија на Здружението се обврзуваат да обезбедат систем на информирање на јавноста и на пристап до информации на Здружението.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување (на членовите, други здруженија или пошироката јавност) за работењето и активностите на Здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението за материјално – финансиско работење и друго.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користи печатот, радиото, телевизијата, конференции за печат, интернет страница, годишните извештаи како и таблата за јавно огласување која стои на видно место во просториите на самото здружение.

*Член 21*

**Здружението** во своето седиште, во архивата, ги чува актите согласно со Законот. Управниот одбор и извршната канцеларија го уредува начинот на канцелариско и архивско работење, а во согласност со законските обврски, овој статут и општите акти на **Здружението**.

*Член 22*

Сите акти ќе се објавуваат на соодветен начин.
Управниот одбор ги уредува податоците и информациите кои се објавуваат, како и начинот на објавувањето.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

*Член 23*

Здружението остварува средства од:

- членарина,
- донации, доброволни прилози,
- буџет на РМ и локалните самоуправи,
- давање на услуги на други здруженија, организации и институции
- провизии од органи, организации, заедници и од други установи,
- од трговски друштва и други правни лица;
- од други услуги (имотни права и сл.),
- од други извори предвидени со Законот и Статутот

*Член 24*

Користењето и располагањето со средствата на **Здружението** добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми, утврдени со финансискиот план и врз основа на валидни документи.

*Член 25*

За користење и располагање со средствата одлучуваат органите на **Здружението**, согласно надлежносите утврдени со овој Статут, кои превземаат мерки за економско целосообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

*Член 26*

Здружението „Организација на жените на општина Свети Николе" донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.
Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 23 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, материјали, трошоци за работа на Здружението и други расходи сврзани со работата на Здружението. Финансискиот план може во секое време да се измени со Одлука на Управниот одбор.
Вишокот на приходите над расходите (добивката) остварен од Здружението не смее да биде дистрибуиран како таков до ниедно лице, туку мора да биде употребен исклучиво за остварување на целите, задачите и активностите на Здружението.

## VI. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

*Член 27*

Органи на Здружението „Организација на жените на општина Свети Николе“ од Свети Николе се:

1. **Собрание**
2. **Претседател/ка**
3. **Координатор/ка на извршна канцеларија**
4. **Управен Одбор**
5. **Надзорен одбор**

*Член 28*

Заради извршување на статутарните и програмските задачи и Одлуки на Собранието и Управниот одбор, Управниот одбор формира и други работни тела.

Здружението ги дефинира правата, обврските, одговорностите на членовите на органите, истапување или исфрлање на член од органите, негова замена и друго во овој Статут, Деловниците за работа на Здружението, Правилникот за работа, како и други општи акти на здружението.

### Собрание на здружението

Член 29

Собранието е највисок орган на **Здружението**.

Собранието на Здружението брои дваесет и еден делегиран член кои се бираат по пат на јавно гласање. Членовите на Собранието на Здружението „Организација на жените на општина Свети Николе“ го сочинуваат:

- Седумнаесет делигирани членови/ки на Здружението од градот Свети Николе и од претставници од активите на Здружеието во месните заедници;
- Четири надворешни членови/претставници од активни невладини организации или јавни институции, организации и органи од општина Свети Николе.

Мандатот на членовите на Собранието трае четири години со право на повторен избор.

Собранието избира Претседател со мандат од 4 години со право на повторен избор.

**Претседателот го застапува и претставува Здружението.**

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

*Член 30*

Со собранието претседава Претседателот на **Здружението.**

Во случај Претседателот да не е во состојба да присуствува од оправдани причини и своето отсуство соодветно го најави или пак, не се појави во првите 30 минути од седницата, со Собранието претседава Координаторот или член на Управниот одбор.

Со Собранието ќе заседава кој било член на Здружението избран од останатите членови со двотретинско мнозинство во следниве случаи:

- во случај на отсуство на Претседателот;
- по барање на Претседателот.

Собранието работи на седници.

*Член 31*

Изборното собрание се свикува на секои четири години и конституирањето на органите и телата мора да се изврши 30 дена пред истекот на мандатот на членовите на органите и телата.

Поканата со материјалите за дневен ред во писмена или електронска форма се доставуваат до сите членови на собранието најмалку 7 дена пред одржување на седницата.

*Член 32*

На изборното собрание се избира:

- Работно претседателство од три члена;
- Записничар;
- Двајца оверувачи на записникот;
- Верификациона комисија од два члена
- Органи на управување на Здружението.

Правата, обврските и одговорностите на членовите на работното тело се дефинирани во Деловникот за работа на Собранието.

*Член 33*

Седниците на Собранието ги свикува Претседателот на Собранието по сопствена иницијатива.

Седници на Собранието се свикува и по предлог на Управниот одбор на **Здружението** или на 1/4 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.

Седницата на Собранието за работа на Управниот одбор може да се свика и по предлог на Надзорниот одбор.

Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

*Член 34*

Собранието на Здружението „Организација на жените на општина Свети Николе" Свети Николе од редовите на конституентите на Здружението на редовни или вонредни Собранија избираат членови на Управниот и Надзорниот одбор.

*Член 35*

Собранието може полноправно да одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

На собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба и на предлог од 1/3 од членовите/делегатите гласањето може да биде и тајно.

Членовите на Собранието во секое време треба да ги имаат целите и интересите на Здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

*Член 36*

Собранието ги врши следните работи:

- Донесува Статут на Здружението и врши измени и дополнувања на истиот;
- Усвојува годишен извештај, насоки и план за работа;
- Усвојува завршна сметка и финансиски план;
- Одлучува за промена на целта на здружувањето;
- Одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението;
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- Верификува нови членови и престанок на членувањето;
- Избира Претседател на Здружението;
- Избира членови за идно Собрание;
- Донесува програма за работа на Здружението;
- Избира и разрешува членови на Управниот одбор;
- Го разгледува и усвојува извештајот за работа на Управниот одбор помеѓу две собранија;
- Ја следи материјално-финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија;
- Расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за понатамошен развој на Здружението;
- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- Избира и разрешува членови на Надзорниот одбор;
- Разгледува и одлучува врз основа на наодите на Надзорниот одбор;
- Одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

*Член 37*

**Управен одбор**

Управниот одбор на здружението „Организација на жените на општина Свети Николе" од Свети Николе е управно тело во кое секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на здружението во согласност на Статутот.
Член на Управниот одбор се изема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен и за прашања кои се однесуваат на некое лице врз кое тој има контрола или економски интерес.

Член 38

Управниот одбор на **Здружението** „Организација на жените на општина Свети Николе" од Свети Николе брои најмалку пет, но не повеќе од девет членови, и тоа: претседавач, заменик-претседавач и пет, седум или девет члена.
Бројот на членовите на Управниот одбор го утврдува Собранието.
Во согласност со повеќечинителскиот пристап, во Управниот одбор има квоти, и тоа: најмалку по еден член ќе се избере од кандидатите од редот на конституентите на

**Здружението,** односно корисници, поддржувачи, соработници, партнери, претставници од јавни и државни институции и организации, граѓански организации, бизнис секторот и други неспоменати предлагачи.

Членовите на Управниот одбор ги избира Собранието со мнозинство од бројот на членовите на Собранието кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови.

Доколку не се изберат онолку членови колку што брои Управниот одбор, постапката за избор на непотполнетите места во Управниот одбор се повторува.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае четири години, со право на два повторни последователни избори. После три последователни мандати членот на Управниот одбор има право да се кандидира за повторен член по пауза од 2 последователни нови избори.

Претседателот на Управниот одбор истовремено е и претседавач на Собранието на Здружението и Претседател на Здружението и тој го претставува и застапува Здружението и е наредбодавател и во област на материјалното и финансиското работење на Здружението.

Претседателот нема право на глас на седниците на Управниот одбор

*Член 39*

Претседателот на Управниот одбор ги свикува седниците на Управниот одбор, предлага дневен ред и ги раководи седниците.

Во случај на отсутност на претседателот на Управниот одбор на седницата го заменува Координаторот на извршната канцеларија или еден од членовите на Управниот одбор по предлог на Претседателот.

Претседателот е должен да свика седница на Управниот одбор најмалку еднаш во три месеци, а по потреба повеќе пати по барање на ½ од членовите на Управниот одбор, 1/3 од членовите на Собранието или по барање на извршната канцеларија. Претседавачот на Управниот одбор мора да свика седница во рок од петнаесет дена од денот кога е поднесено барањето.

За работата на седниците се води записник, кој го заверува претседавачот и еден член на Управниот одбор.

Начинот на свикување на седниците и работењето на Управниот одбор се уредува со Деловник за работа на Управниот одбор.

*Член 40*

**Управниот Одбор ги врши следниве работи:**

- Донесува перспективни и годишни работни планови;
- Ги донесува општите акти на Здружението, со исклучок на актите кои ги донесува Собранието и го следи спроведувањето на Статутот;
- Одобрува работни извештаи и го следи спроведувањето на програмата за работа на Здружението;
- Управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението;
- Одобрува годишна завршна сметка;
- Поднесува финансиски и наративен извештај до Собранието на Здружението;

- Дава согласност за набавка и отуѓување на основните средства;
- Предлага кандидатите за претседател на здружението;
- Предлага кандидати за членови на Управен и Надзорен одбор;
- Предлага кандидати за членови на Собрание;
- Го избира координаторот на извршната канцеларија и ја контролира неговата работа;
- Подготвува, утврдува и спроведува одлуки на Собранието;
- Ги подготвува седниците на Собранието, припрема материјали за седниците на Собранието;
- Го подготвува нацрт статутот, предлага измени и дополнување на статутот и ги подготвува другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението;
- Констатира прием на нови членови и престанок на членување доколку за тоа биде овластен Управниот одбор од страна на Собранието;
- Донесува одлуки за формирање на постојани и повремени работни тела и комисии и ја насочува нивната работа од своите членови;
- Доделува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- Дава согласност на Правилникот за организација и работните задачи на извршната канцеларија на Здружението и врши контрола на нејзиното работење;
- Донесува одлуки по приговори и жалби;
- Решава за формирање на ограноци на Здружението;
- Донесува акти со кои се уредува работата на извршната канцеларија;
- Врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

*Член 41*

Управниот одбор за својата работа одговара пред Собранието на Здружението.
Членовите на Управниот одбор во секое време треба да ги имаат целите и интересите на здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

*Член 42*

**Надзорен Одбор**

**Надзорниот одбор** на Здружението брои 3 членови кои се избираат од редот на надворешни лица, кои не се членови на Собранието или Здружението.
Членовите на Надзорниот одбор во исто време не можат да бидат и членови на други органи на здружението.
Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 4 години.

*Член 43*

Надзорниот одбор работи на седници.
Седниците ги свикува Претседателот и раководи со нивната работа.
Претседателот на Надзорниот одбор свикува седници најмалку еднаш годишно и по потреба.

*Член 44*

**Надзорниот одбор ги врши следниве работи:**

- Врши надзор на правилното спроведување и примена на одредбите од статутот и другите општи акти на Здружението;
- Врши надзор на извршувањето на одлуките на Собранието, Управниот одбор и на другите тела на здружението;
- Врши надзор за наменско трошење на средствата;
- Еднаш годишно поднесува извештај за направениот увид;
- Предлага мерки за спречување и отстранување на неправилностите во работата;
- Врши и други работи согласно законот и актите на здружението.

Своите наоди и одлуки Надзорниот одбор ги доставува до Собранието и Управниот Одбор на „Организација на жените на општина Свети Николе" од Свети Николе.

*.Член 45*

**Претседател/ка**

Претседателот на Здружението го претставува и застапува Здружението и е наредбодавател и во област на материјалното и финансиското работење на Здружението.

- Претседателот е потписник на сметката на Здружението;
- Претседателот во правниот промет превзема мерки и дејствија во име и за сметка на Здружението;
- Претседателот ги следи и контролира административно и финансиско работење на Здружението и заедно со координаторот на извршната канцеларија за истото поднесуваат тромесечен извештај до Управниот одбор;
- Претседателот се грижи за правилно и економично работење со средствата на Здружението;
- Претседателот е одговорен за законитоста, правилноста и навременоста на работата на Здружението и обезбедување на услови за работа во согласност со законите, Статутот и општите акти на Здружението;
- Претседателот управува со Здружението, развива организациска култура и ги следи ризиците на кои подлежи Здружението;
- Претседателот ги следи и анализира состојбите, проблемите и потребите на Здружението, покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работата во Здружението;
- Заседава со седниците на Управниот одбор и Собранието;
- Претседателот се грижи за редовноста на состаноците на Управниот одбор и присуството на неговите членови;
- Ја поттикнува и мониторира работата на Управниот одбор и другите работни групи;
- Се грижи дали сите членови на Управниот одбор се снабдени со сите потребни податоци за работа на Здружението (работни планови, записници од седници и сл.);
- Го промовира Здружението, врши негова промоција и помага во лоцирање на средства;
- Заедно со координаторот на извршната канцеларија изработува програма за работните состаноци на Управниот одбор;

- Спроведува годишна евалуација на координаторот на извршната канцеларија;
- Претседателот врши и други работи кои се во негова надлежност, а се во согласност со законите, Статутот и општите акти на Здружението.

*Член 46*

**Извршна канцеларија и Координатор/ка на извршната канцеларија**

За извршување на административно стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението Управниот одбор формира извршна канцеларија и избира и му дава јавни овластувања на Координаторот на извршната канцеларија (во понатамошниот текст Координаторот). Координаторот понатаму ги делегира обврските до извршната канцеларија.
Извршната канцеларија се состои од координатори на програми, проектен тим, лица задолжени за административно и финансиско работење и други лица кои директно се вклучени во секојдневната работа на Здружението
Организацијата и работата на Извршната канцеларија се уредува со акти кои што ги донесува Управниот одбор.

*Член 47*

Правата, должностите и одговорностите за работа на вработените на Извршната канцеларија на Здружението, одговорните за програмите и друго ги утврдува Координаторот на извршната канцеларија, кој раководи со Извршната канцеларија на Здружението.

*Член 48*

Координаторот на извршната канцеларија и истиот може да биде во редовен работен однос, како и другите координатори или други ангажирани лица со сите права, должности и одговорности што произлегуваат од ЗРО, Статутот и актите на Здружението.

*Член 49*

Вработените и ангажирани лица во извршната канцеларија не можат да бидат избрани за членови на извршните и управните органи на Здружението.

*Член 50*

Изборот на Координаторот на извршна канцеларија и Координаторите на програми го врши Управниот одбор на Здружението со мнозинство од гласовите имајќи ги во предвид Статутов и општите акти на Здружението.

*Член 51*

Координаторот на извршна канцеларија е одговорен за извршување на работниот и финансиски план и се грижи за извршување на одлуките и заклучоците на Управниот Одбор и Собранието на Здружението.

- Координаторот на извршна канцеларија и координаторите на програма се одговорни за својата работа пред Управниот Одбор.
- Координаторот на извршна канцеларија и координаторите на програма учествуваат во работата на Управниот одбор без право на глас;

- Координаторот на извршна канцеларија и координаторите на програма имаат право да свикаат седница на Управниот одбор доколку за тоа имаат согласност од 1/2 од членовите на Управниот одбор;
- Координаторот на извршната канцеларија е втор правен или овластен застапник на Здружението;
- Координаторот го застапува Здружението во случај кога претседателот на Здружението е отсутен или поради оправдани причини не е во состојба да го застапува здружението;
- Координаторот потпишува докумети со претходно одобрување, знаење и информираност од страна на претседателот
- Координаторот ќе ги раководи активностите на Здружението согласно со одобрениот работен план и одобрениот финансиски план, и останатите одлуки на годишното Собрание;
- Координаторот е втор овластен потписник на сметката на Здружението во случај кога претседателот на Здружението е отсутен или поради оправдани причини не е во состојба да го застапува здружението, но со претходно одобрување, знаење и информираност од страна на претседателот;
- Координаторот се грижи за благовремено извршување на Одлуките и заклучоците донесени од Собранието и Управниот одбор;
- Координаторот во правниот промет презема мерки и дејствија во име и за сметка на Здружението;
- Координаторот заедно со претседателот ги следи и контролира административно и финансиско работење на Здружението и за истото поднесува тромесечен извештај до Управниот одбор;
- Координаторот врши промоција на активностите на Здружението;
- Координаторот предлага и подготвува нови проекти;
- Координаторот имплементира тековни проекти
- Координаторот изнаоѓа дополнителни средства за нови проекти.

## VII.ДЕЛОВНО ПЛАНИРАЊЕ

*Член 52*

Деловното планирање се состои од планирање, спроведување, набљудување, оценување и известување.

Управниот одбор со општ акт го уредува деловното планирање.

### Работен и финансиски план

*Член 53*

Финансиската година се совпаѓа со календарската година.

Висината и начинот на распределба на средствата на Здружението се утврдува секоја година со финасискиот план, а врз основа на годишен работен план.

Годишниот работен план, вклучувајќи го финансискиот план, го донесува Управниот

одбор.
Годишниот работен план се донесува на крајот од тековната календарска година, за наредната година.

*Член 54*

Здружението води сметководство, води и чува книги, поднесува годишна сметка и врши попис на начин уреден со Закон.
Управниот одбор со општ акт го уредува финансиското работење.
Управниот одбор го одобрува извештајот за потпис.

*Член 55*

Здружението има годишен извештај, годишна сметка и финансиски извештаи во согласност со Законот и Статутот и општите акти на Здружението.
Годишниот работен извештај е сочинет од извештај за постигнувањата, односно реализираните активности, проекти, настани и финансиски извештај. Содржината на годишниот работен и финансиски извештај е во согласност со Законот и со меѓународните стандарди за финансиско известување.
Одговорни за годишниот работен извештај, за годишната сметка и за финансиските извештаи, односно за нивната подготовка се координаторот, проектниот тим и книговодителот, а одговорен за потпишување е Претседателот на Здружението.
Оперативното и финансиско работење на организацијата на годишно ниво, а во зависност на расположливите финансиски средства, ќе биде подложено на надворешна ревизија од независен ревизор.
Годишниот работен извештај, вклучувајќи го и финансискиот извештај за претходната година, го донесува Управниот одбор најдоцна до 30 јуни во тековната календарска година, односно во рокот пропишан со закон. Годишниот и финансиски извештај ќе бидат објавени и ќе бидат достапни за јавноста преку електронските медиуми на Здружението најдоцна до 30 јуни за претходната година.

**Односи со други институции**

*Член 56*

Здружението воспоставува односи со други институции, и тоа преку:

- Заедничко дејствување со стапување во сојуз или влегување во членство, партнерства, стратешки алијанси и конзорциуми;
- Основање или учество во трговско друштво или друго правно лице.

*Член 57*

Здружението може заеднички да дејствува со други организации со стапување во сојуз или со влегување во членство во домашни и во меѓународни организации и сојузи, како и со стапување во стратешки алијанси и конзорциуми.
Одлука за заедничко дејствување на програмска и на ад-хок основа, во краткорочен и среднорочен период донесува Управен одбор.
Одлуката за заедничко дејствување на организациска основа и на неопределен период донесува Управен одбор

**VIII.ЗАШТИТА НА ИНТЕРЕСИТЕ**

*Член 58*

Членовите на органите за општо управување и надзор и членовите на Извршната канцеларија се должни да управуваат и работат со Здружението со внимание и со начелата на добро управување, во интерес на Здружението, а над други лични или посебни интереси, односно во интерес на исполнување на целите и работните планови на Здружението, во согласност со законите и со Статутот и општите акти на Здружението.

*Член 59*

Здружението одговара за своите обврски со целиот свој имот и средства.

Членовите на органите на Здружението одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон Здружението, за злоупотреба на средствата на Здружението, за постигнување на цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на Здружението како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители.

Членовите на Извршната канцеларија се одговорни лично за штетата на Здружението предизвикана со намера да се направи штета.

Членовите на Управниот одбор, како и на другите органи за општо управување и надзор, се одговорни за повреда на своите одговорности, предизвикана од нивната работа или поради нејзино запоставување кон Здружението и одговараат за причинетата штета како солидарни должници, ако при одлучувањето не постапувале со внимание на добар управувач, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето. Управниот одбор ја утврдува одговорноста од ставовите 2, 3 и 4 и го утврдува барањето за надомест на штета.

*Член 60*

Здружението ги штити своите интереси со мерки кои вклучуваат (но не се исклучиво) деловна тајна, забрана на конкуренција и судир на интереси.

Здружението има право одредени податоци и информации од битно значење за неговите деловни интереси да ги утврди за деловна тајна.

Деловна тајна е секој податок или информација кои создаваат независна економска вредност, сегашна или можна, која е непозната генерална или е недоволно позната за други луѓе, кои можат да стекнат економска вредност од нејзиното дознавање и употреба и е предмет на разумни активности во склад со постојбата да се зачува тајноста.

Ако за време на работата член на органите на општо управување и надзор, или на Извршната канцеларија дознаат за деловната тајна, таквата информација мора да се чува и не смее да се соопштува надвор од Здружението.

*Член 61*

На членовите на Извршната канцеларија им се забранува секаква деловна активност заснована на информација недостапна за јавноста.

На членовите на Извршната канцеларија им се забранува конкуренција во согласност со позитивните законски одредби. Исклучок од забраната за конкуренција може да се направи со одобрување на Управниот одбор.

*Член 62*

За секој договор или друга деловна активност на Здружението во кои што Здружението е странка и во кои што член на органите на општо управување и надзор и/или на Извршната канцеларија има интерес, дури и на посреден начин, мора да се постапи во согласност со одлука на Управниот одбор.

Секоја зделка во која заинтересирана страна е член на органите на општо управување и надзор и на Извршната канцеларија е предмет на претходно одобрување од Управниот одбор. Заинтересираната страна треба да биде исклучена од релевантното одлучување на Управниот одбор.

Заинтересираната страна има обврска самостојно да го пријави евентуалниот судир на интереси и да се однесува сообразно на одредбите од овој статут кои го регулираат тоа.

Ваквите одлуки треба да се објават соодветно во годишниот работен извештај на Здружението.

## IX.СТАТУТ И АКТИ

*Член 63*

Здружението се уредува во согласност со Законот, со овој статут и со општите акти на Здружението.

Здружението донесува статут, правилници, деловници, одлуки, решенија и други акти.

Со правилниците и одлуките се регулираат прашањата за кои, со Законот или со овој статут, е предвидено да се регулираат со општи акти.

*Член 64*

Статутот е највисок акт на Здружението.

Општите акти на Здружението мора да бидат во согласност со овој статут.

Ако одредба на општ акт не е во согласност со овој статут, таа е неважечка/ништовна и се применуваат одредбите од овој статут.

*Член 65*

Собранието го донесува, го изменува и го дополнува Статутот.

Предлог за измени и дополнувања на Статутот можат да поднесат најмалку пет члена на Собранието или три члена на Управниот одбор или извршната канцеларија.

Предлогот на одлуката за измена на Статутот во којшто се наведени предложените измени, со нивно образложение, без разлика на тоа кој ја дал иницијативата, го разгледува и утврдува Управниот одбор и заедно со своето мислење, го доставува до сите членови на Собранието, најмалку седум дена пред одржувањето на седницата на Собранието.

Доколку измените и дополнувањата се од помал обем, Собранието донесува одлука за измена и дополнување на Статутот, а Управниот одбор утврдува пречистен текст на Статутот. Доколку измените и дополнувањата се од поголем обем, и измените и дополнувањата и Статутот ги одобрува Собранието.

Собранието со одлука за измена на Статутот го овластува Управниот одбор да подготви пречистен текст на Статутот во којшто се внесени измени и дополнувања извршени со

одлука за измена на Статутот, како и одредбите од одлуките кои имаат карактер на одлука за измена на Статутот утврдени со закон.
Собранието ги донесува измените и дополнувањата, односно Статутот, со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови.

*Член 66*

Општите акти на **ОЖОСВН** се потпишуваат од претседавачот на органот или од лицето кои ги донело и од уште еден член.

*Член 67*

**ОЖОСВН** не може да ја преобрази формата од Здружение на граѓани во друга форма надвор од законот кој ги уредува здруженијата на граѓани и фондации.

*Член 68*

За статутни и статусни промени одлучува Собранието на **ОЖОСВН.**

**Престанок на Здружението**

*Член 69*

**Здружението престанува со работа во следниве случаи:**

- Ако за тоа се изјаснат 2/3 од членовите на Собранието на Здружението;
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на Здружение;
- Ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот за здруженија и фондации.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.
Основачите на здружението „Организација на жените на општина Свети Николе" од Свети Николе немаат право да го укинат здружението.

*Член 70*

Во случај на престанок на работатата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на организација истоветна на здружението на локално или национално ниво.

*Член 71*

Доколку не можат да се исполнат условите утврдени во членот 71, во случај на престанување на работата на здружението неговиот имот поеминува во сопственост на општина Свети Николе.

## X.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*Член 72*

Општите акти на **ОЖОСВН** ќе се усогласат со овој статут во рок од осумнаесет месеци од денот на неговото влегување во сила.

*Член 73*

Со влегување во сила на овој статут, престанува да важи Статутот на Организација на жените на општина Свети Николе донесен со одлука на Собрание од 13 април 2011 година.

*Член 74*

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на Здружението, а помеѓу две Собранија, Управен одбор на Здружението.

*Член 75*

Измени и дополнување на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

*Член 76*

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување и објавување

**29/07/2015, Свети Николе**

**Организација на жените**
**на општина Свети Николе**
**Претседателка**
**Даниела Панева**

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-ШТИП БРОЈ 7